**ОКТА АД-Скопје**

**БАРАЊЕ ПОНУДА БРОЈ 0808/22**

**за извршување услуга за посебен линиски превоз на вработените во ОКТА АД-Скопје**

Овој документ содржи податоци за ОКТА АД-Скопје и не смее, целосно или делумно, да се изнесе од Вашето претпријатие или да се користи за други цели, надвор од ова Барање понуда

**Август 2022 година**

**ДЕЛ 1 – ТЕНДЕРСКА ПОСТАПКА**

## 1. ВОВЕД

ОКТА АД-Скопје (во натамошниот текст ОКТА), со седиште на улица 1 број 25 н.м. Миладиновци-Илинден, 1000 Скопје, Ве поканува да ја доставите Вашата најдобра понуда за извршување услуга за посебен линиски превоз на вработените во ОКТА и нејзините соработници, во согласност со упатствата и одредбите од овој повик.

### 1.1 Потврда за прием на поканата и Изјава за интерес за учество

Ве молиме да го потврдите приемот на Барањето понуда и да го пријавите Вашиот интерес за учество во рок од три (3) работни дена од денот на доставувањето на овој документ, со известување преку е-маил до лицата за комуникација:

Александар Димитриевски
тел: 2532 215; 076-221-838
E-mail: adimitrievski@helpe.gr
Тони Вељановски
тел: 2532 215; 076-344-493
E-mail: tveljanovski@helpe.gr

Сите прашања во врска со ова Барање понуда се доставуваат во пишана форма (E-mail) до наведените лица за комуникација.

Ве молиме доколку не сте заинтересирани за учество на тендерот да не известите на наведените е-маил адреси.

***НАПОМЕНА:*** **Комплетната тендерска документација наведена во Дел 3 – Прилози од ова Барање за понуда, ќе биде дополнително испратена до сите заинтересирани компании, во рок од 24 часа од нивната потврда за учество на тендерот на горенаведените E-mail адреси.**

## 2. ПРЕДМЕТ НА БАРАЊЕТО ПОНУДА

Предмет на Барањето понуда е прибирање понуди за извршување на услуга за посебен линиски превоз на вработените во ОКТА (административен и технички персонал) и нејзините соработници од Скопје и Куманово до ОКТА и во обратна насока, за линиите наведени во **Прилог 3: Детална спецификација на линии**.
Превозникот треба да е во можност да ја извршува услугата, предмет на Барањето понуда, почнувајќи најрано од 01.10.2022 год и во времетраење од три (3) години.

## 3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат домашни правни лица кои се регистрирани за вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај и поседуваат валидна Лиценца за слободен превоз на патници и посебен линиски превоз на патници.

На ова Барање понуда можат да учествуваат понудувачи кои се сопственици на превозни средства и/или користат превозни средства врз основа на договор за финансиски / оперативен лизинг и за секое поединечно моторно возило поседуваат валиден Извод од лиценца.
Заменските возила кои понудувачот ќе треба да ги понуди согласно, може да се сопственост на друга компанија, но понудувачот мора да достави валиден договор за соработка со компанијата сопственик на заменските возила со важност најмалку три години од денот на потпишување на договор со ОКТА.

Понудените заменски возила не смеат да се понудат како редовни возила од страна на истата или друга компанија, односно не можат да се понудат како редовни возила доколку сопственикот на возилото се појави како понудувач на истиот тендер.
Понудувачот разбира и прифаќа дека заменските возила се главно наменски во случај на итни случаи со редовните возила, а не за користење како редовните возила со други компании додека ги обезбедуваат замените за истиот период.

Компаниите кои сакаат да земат учество во тендерската постапка мора да поседуваат најмалку едно сопствено возило или возило врз основа на договор за финансиски / оперативен лизинг како и едно заменско возило.

Во случај да понудувачот поседува повеќе од едно возило, бројот на заменски возила кои ќе ги понуди потребно е да бидат:

- Ако понудувачот понуди помеѓу 1-3 редовни возила (комбиња), мора да понуди и најмалку едно (1) заменско возило (комбе)
- Ако понудувачот понуди помеѓу 4-7 редовни возила (комбиња), мора да понуди и најмалку три (3) заменски возила (комбиња)
- Ако понудувачот понуди седум (7) или повеќе редовни возила (комбиња), мора да понуди и најмалку пет (5) заменски возила (комбе)
- Ако понудувачот понуди помеѓу 1-2 редовни возила (мини автобуси), мора да понуди и најмалку две (2) заменски возила (мини автобуси)

***НАПОМЕНА:* Не е дозволено исто превозно средство (редовно или заменско) да биде предмет на понуда и од страна на друга компанија.**

## 4. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРЕВОЗНИТЕ СРЕДСТВА

**Минимални** услови кои треба да ги исполнуваат превозните средства (редовните и заменските) понудени на ова Барање понуда се:

- Да се со година на производство:

  - Мини автобуси не постари од **2015** година;
  - Комбиња не постари од **2018** година;

***НАПОМЕНА:*** Во случај да некој од понудувачите понуди возила со година на производство постара од горенаведената, но не повеќе од:

  - Мини автобуси не постари од **2012** година;
  - Комбиња не постари од **2015** година;

Истите возила, во рок од 6(шест) месеци по потпишувањето на договорот понудувачот ќе мора да ги замени за нови возила со година на производство како што е наведено погоре, односно 2015 за мини автобуси и 2018 за комбиња.

- Да се регистрирани и да имаат важечка лиценца за вршење превоз во патниот сообраќај и да ги исполнуваат законските обврски за безбедност на сообраќајот на патиштата (состојба на гумите, систем за кочење, систем за управување, итн.);
- Да имаат расположливи седишта (без да се бројат седиштата на возачот и совозачот) според описот по линии во **Прилог 3;**
- Да располагаат со функционален систем за климатизација (ладење - греење) и проветрување;
- Внатрешноста на возилата да биде чиста и неоштетена (седишта, бочни страници, подови, светлечки тела, завеси, навлаки за потпирачи за глава, да не пропуштаат вода и слично);
- Надворешноста на возилата да е во одлична состојба.

Комисија на ОКТА ќе изврши контрола на предложените превозни средства. При контролата, задолжително треба да се даде на увид документацијата од последниот редовен, периодичен и вонреден технички преглед. Понудувачите навремено ќе бидат известени за времето и местото на контрола на превозните средства.

## 5. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ВОЗАЧИТЕ

Возачите кои се вработени или ќе се вработат кај понудувачот потребно е:

- Да не е изречена правосилна судска одлука со која што има изречена ефективна казна затвор или посебна мерка забрана за управување со моторно возило;
- Да ги исполнуваат и сите останати законски барања што произлегуваат од законските и други државни прописи што ја регулираат оваа област и да се во добра здравствена состојба потребна за извршување на овој вид на услуги;
- Да располагаат со соодветна возачка дозвола и да имаат минимум три (3) години возачко искуство во последните десет (10) години, во категоријата на возилото што ќе го управуваат.

## 6. ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРЕВОЗНИТЕ СРЕДСТВА И ПАТНИЦИТЕ

За понудените превозни средства, без разлика на типот на сопственост, мора да се достават: осигурување од авто одговорност, како и осигурување на возач, совозач и патници, како и основно каско осигурување ако се поседува. Осигурувањето треба да ги следи Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај (незгода) и Дополнителните услови за Задолжително осигурување на патници во јавниот превоз од последици на несреќен случај (незгода). За секој тип на осигурување задолжително да се приложи копија од осигурителната полиса.

Полисите за осигурување мора да се со важност за целиот период на давање на услугата. Во случај на завршување на важноста на полисите за осигурување, превозникот е должен да достави обновени полиси (најдоцна во рок од пет (5) работни дена сметано од последниот ден на истекот на важноста на полисите) до ОКТА, како и соодветно известување за било која измена во полисите за осигурување, вклучувајќи ја и измената на нивната важност.

## 7. ПОДГОТОВКА И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 0808/22"**

(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација (**Прилози наведени во точка 7.1**), треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот;

- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда (**Прилог 4**), треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до 22/08/2022 год. до 16:00 h.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
1000 Скопје

**ПОНУДИТЕ КОИ НЕ СЕ ДОСТАВЕНИ ВО СОГЛАСНОСТ СО УСЛОВИТЕ ДЕФИНИРАНИ СО ОВА БАРАЊЕ НЕМА ДА СЕ РАЗГЛЕДУВААТ**

**7.1 Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават и следниве документи:**

1. Изјава од понудувачот , потпишана од одговорното лице и заверена со печат на понудувачот, дека против понудувачот нема изречена казнена мерка за забрана за вршење на дејноста предмет на ова барање за понуда;
2. Изјава на понудувачот, потпишана од одговорното лице и заверена со печат на понудувачот, дека сите превозни средства понудени во **Прилог 5: Понудени возила за соодветни линии** ги исполнуваат најмалку условите наведени во **точка 3** и **точка 4** од ова Барање за понуда. Во изјавата, за секое од возилата треба да се наведе следново:

   - Регистарски таблички
   - Дали е редовно или заменско
   - Година на производство
   - Број на седишта по возило
   - Потврда за техничка исправност
   - Копија од сообраќајна дозвола
   - Слики од внатрешноста и надворешноста на возилото

3. Листа на возила што понудувачот ги нуди за секоја линија соодветно, како и типот на возило, со пополнување на оригиналната табела од **Прилог 5**. За секое возило декларирано во табелата, понудувачите е потребно да ја достават целата поврзана документација наведена во точка **2 погоре.**

| # | Тип на рута | Линија | Возило – Регистарски таблички и тип на возило (комбе или минибус) |
|---|---|---|---|
| 1 | Тип А | Линија 1 | |
| 2 | Тип А | Линија 2 | |
| 3 | Тип А | Линија 3 | |
| 4 | Тип Б | Линија 4 | |
| 5 | Тип Б | Линија 5 | |
| 6 | Тип Б | Линија 6 | |
| 7 | Тип Б | Линија 7 | |
| 8 | Тип Б | Линија 8 | |
| 9 | Тип Б | Линија 9 | |
| 10 | Тип Ц | Линија 10 | |
| 11 | Тип Ц | Линија 11 | |
| 12 | Тип Ц | Линија 12 | |
| 13 | Тип Ц | Линија 13 | |

4. Копија од валидна **Лиценца за вршење на јавен превоз во внатрешниот патен сообраќај**, издадена од Министерството за транспорт и врски на Р. Северна Македонија, потпишана од одговорното лице и заверена со печат на понудувачот;
5. Копија од **Извод од лиценца, за секое редовно и заменско возило**, издадена од Министерството за транспорт и врски на Р. Северна Македонија, потпишана од одговорното лице и заверена со печат на понудувачот;
6. **Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки**;
7. **Изјава за возачите потпишана и заверена од одговорното лице** (заедно со копија од возачка дозвола) за вработените кај понудувачот со која потврдува дека:
   - против никој од нив не е изречена казна затвор или посебна мерка за управување со моторно возило;
   - дека се добра здравствена состојба и можат да ја вршат услугата без пречки и
   - дека во последниве десет (10) години имаат минимум три (3) години возачко искуство во истата категорија на превоз.
8. **Изјава на понудувачот**, потпишана од одговорното лице и заверена со печат на понудувачот, во која понудувачот изразува подготвеност да достави **Банкарска гаранција** за навремено и квалитетно извршување на услугата, предмет на Барањето понуда во вредност од една месечна фактура, десет (10) дена после потпишување на договорот;
9. **Изјава** дека сите возила дадени во понудата ќе бидат користени за услугата предмет на ова барање за понуда;
10. **Финансиски извештаи** за последните три (3) години, придружени со независни ревидирани извештаи ако се поседуваат;
11. **Копија од тековна состојба не постара од шест (6) месеци;**
12. Доказ за искуство на понудувачите за давање на ист тип на услуги во последната една (1) година со пополнување на табелата подолу. **Од понудувачите се бара да достават препораки од други клиенти корисници на ист тип на услуга** предмет на ова барање за понуда;

| Име на клиент | Тип на услуга | Период на соработка | Број на ангажирани возила |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

13. **Копии од осигурителните полиси** (Каско, авто одговорност, осигурување на возач и патници и други ако има);
14. **Прифаќање ( со потпис и печат) на административни мерки за изведувачи дадени во прилог 6.**

### 7.2 Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се доставаат:

1. Понуда со пополнување на табелата од **Прилог 4: Понуда на цена по линии**, согласно даденото објаснување во самиот прилог.

| # | Тип | Тип на рута | Линија | Предвиден број на тури во еден правец за 1 година | Цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тип А | Понеделник до Петок 08AM - 04PM | Линија 1 | 509 | |
| 2 | Тип А | Понеделник до Петок 08AM - 04PM | Линија 2 | 509 | |
| 3 | Тип А | Понеделник до Петок 08AM - 04PM | Линија 3 | 509 | |
| 4 | Тип Б | Понеделник до Петок 07AM - 03PM | Линија 4 | 509 | |
| 5 | Тип Б | Понеделник до Петок 07AM - 03PM | Линија 5 | 509 | |
| 6 | Тип Б | Понеделник до Петок 07AM - 03PM | Линија 6 | 509 | |
| 7 | Тип Б | Понеделник до Петок 07AM - 03PM | Линија 7 | 509 | |
| 8 | Тип Б | Понеделник до Петок 07AM - 03PM | Линија 8 | 509 | |
| 9 | Тип Б | Понеделник до Петок 07AM - 03PM | Линија 9 | 509 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Тип Ц | Секој ден + Празници/Неработни денови 07AM-03PM; 03PM-11PM; 11PM-07AM | Линија 10 | 2195 | |
| 11 | Тип Ц | Секој ден + Празници/Неработни денови 07AM-03PM; 03PM-11PM; 11PM-07AM | Линија 11 | 2195 | |
| 12 | Тип Ц | Секој ден + Празници/Неработни денови 07AM-03PM; 03PM-11PM; 11PM-07AM | Линија 12 | 2195 | |
| 13 | Тип Ц | Секој ден + Празници/Неработни денови 07AM-03PM; 03PM-11PM; 11PM-07AM | Линија 13 | 2195 | |

**Прилог 4: Понуда на цена по линии** треба да бидат потпишани од одговорното лице и заверени со печат на понудувачот.

- Понудените цени треба да се без ДДВ **и да се однесуваат за еден правец (Скопје – ОКТА),** а треба да ги вклучуваат сите трошоци за превоз, патарини, одржување и оперативни трошоци, трошоци во врска со безбедноста на превозните средства и слични трошоци, како и сите придонеси кон осигурителните сектори, задржувања, даноци, плати и слично.

- Понудувачот може да даде понуда за сите Релации или само за дел од Релациите наведени во **Прилог 4: Понуда на цена по линии** независно од бројот на возила кои ги поседува.

- Понудувачите по спроведената евалуација на понудите, ќе можат да добијат максимум број на линии, еднаков на бројот на возила кои ги поседуваат согласно условите наведени во **точка 3** од ова Барање за понуда.

Најнискиот понудувач ќе има право на соодветна рута. Сепак, бројот на рути кои ќе бидат доделени на понудувачот нема да го надминат бројот на технички прифатените возила на понудувачот.
Во случај бројот на рути во кои понудувачот се рангира на 1-во место да го надмине бројот на возила, понудувачот на 2-ри ранг ќе биде разгледан за оние рути за кои замената резултира со најниско влијание врз вкупните трошоци.
Бидејќи ова несовпаѓање помеѓу бројот на најниски рута на понуда и бројот на возила може да се сретне кај повеќе од 1 понудувачи, распределбата на рутите на понудувачите ќе биде одредена врз основа на принципот на минималните вкупни трошоци (вкупна цена = сума на сите рути на производот на цената на рутата x бројот на годишните рути).

**Напомена:** На понудувачите кои не ги исполниле условите од техничката понуда, ковертот со Финансиската понуда нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата на ОКТА.

## 8. ВАЛИДНОСТ

Доставените Понуди мора да се со важност од најмалку **три (3) месеци** од крајниот рок за поднесување на понудите согласно ова Барање за понуда.

## 9. ОТВАРАЊЕ И ОЦЕНКА НА ПОНУДИ

ОКТА го задржува правото да побара од Понудувачите (по E-mail) во рок од три (3) работни дена, од денот на известувањето, да ги достават документите кои не се поднесени. Доколку бараните документи не се поднесени во наведениот рок, ОКТА го задржува правото да ги одбие овие понуди/Понудувачи.

Во текот на оценувањето на понудите, ОКТА го задржува правото да бара одредени појаснувања или доставување на дополнителни документи. Понудувачот мора да одговори во рок од три (3) работни дена од денот на известувањето, во спротивно ОКТА го задржува правото да го исклучи Понудувачот од понатамошна постапка.

Отворање и оценка на финансиската понуда ќе се врши само за оние понуди кои се одобрени во претходната фаза.

## 10. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕНДЕРОТ

Како резултат на овој тендерски процес, најуспешниот/те понудувач/и ќе склучи/ат договор со ОКТА за период од три (3) години почнувајќи најрано од **01.10.2022** година за извршување на услуга за посебен линиски превоз на вработените во ОКТА (административен и технички персонал) и нејзините соработници од Скопје и Куманово до ОКТА и во обратна насока.

## 11. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Со доставување на Понудата, понудувачите се изјаснуваат дека го имаат разработено ова Барање и се целосно свесни за релевантните барања што се вклучени во овој документ и се одговорни за содржина на нивната Понуда;
- Понудите треба да бидат доставени во затворени, јасно обележани коверти. Понудите испратени на E-mail нема да бидат разгледувани;
- Понудувачите ќе бидат информирани за резултатите откако е завршена евалуацијата на сите предлози и по потпишување на договор/и со најповолниот/те понудувач/и;
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или да го поништи тендерот;
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да преговара и да го додели тендерот на еден или повеќе понудувачи;
- Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги доставаат само писмено (по електронска пошта) до лицата за контакт на ОКТА наведени во точка 1.1. ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози;
- ОКТА, по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање;
- Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
- ОКТА го задржува правото да ја провери точноста на сите податоци наведени во документацијата на понудувачот поднесена на ова Барање понуда или дополнителната документација доставена пред потпишување на договорот.

Ве молиме да го потврдите приемот на ова Барање понуда, а доколку не учествувате на тендерот, Ве молиме да не известите на е-мејловите: tveljanovski@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr

# ДЕЛ 2 – ДОПОЛНИТЕЛНИ ОДРЕДБИ И ОДРЕДБИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДОГОВОРОТ

## 1. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОПОЛНИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

По официјалното писмено известување за избор на најповолен понудувач/понудувачи, а пред потпишување на Договор, понудувачот/понудувачите на кој /кои му/им е доделено извршувањето на услугата од точка 2, задолжително треба да ја достави/ат следната документација:

1. Оригинал или нотарски заверена копија од документот за регистрирана дејност-Тековна состојба, издадена од Централен регистар на Р. Северна Македонија (документ не постар од 15 дена);
2. Оригинал или копија заверена од Нотар од документот Информација за економска финансиска состојба, издаден од Централен регистар на Р. Северна Македонија;
3. Изјава од понудувачот, потпишана од одговорното лице и заверена со печат на понудувачот, дека на возачите на редовните и дополнителните возила кои ќе ја извршуваат услугата, не е изречена правосилна судска одлука со која што има изречена ефективна казна затвор или посебна мерка забрана за управување со моторно возило;
4. Изјава дадена од возачите на редовните и дополнителните возила кои ќе ја извршуваат услугата, за согласност за давање на лични податоци;
5. Документот издаден од Централен регистар кој ќе покаже дека не е покрената постапка за инсолвентност или стечај против понудувачот (оригинален документ не постар од 15 дена);
6. Документ издаден од суд дека нема конечна обврзувачка пресуда за воведување безбедносна мерка-Забрана за вршење на дејноста (оригинален документ не постар од 15 дена);
7. Потврда од Управа за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки (оригинален документ не постар од 15 дена);
8. Нотарски заверена копија од Лиценца за транспорт на вработените на ОКТА и нејзините соработниците, издадена од Министерство за транспорт и врски во рок од триесет (30) календарски дена од датата на потпишување на Договор.

## 2. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

После потпишување на Договорот со ОКТА, понудувачот е обврзан во рок од десет (10) календарски дена да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на услугата во висина на едномесечен износ за превоз на вработените на ОКТА. Гаранцијата треба да биде издадена од банка, во форма и содржина прифатлива за ОКТА. Важноста на банкарската гаранција треба да го покрие периодот на важност на договорот плус 40 календарски дена по истекот.

## 3. КОМПЕНЗАЦИЈА СО ДИЗЕЛ ГОРИВО

Превозникот има обврска во тековниот месец во кој ја извршува услугата за превоз, да набавува гориво Еуродизел БС на бензинската пумпа на ОКТА лоцирана во с. Миладиновци во вредност која ќе изнесува минимум 30% од фактурната вредност на реализираните услуги за превоз во тој месец. Усогласувањето и утврдувањето на износот од 30% ќе се врши секој втор месец, сметајќи од денот на потпишувањето на договорот. Превозникот е должен до крајот на тековната година (31.12), без одложување да го исполни горенаведениот услов, бидејќи во спротивно нема во целост да му биде исплатен износот на фактурираната вредност за реализираните услуги.

## 4. КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНАТА НА УСЛУГАТА СО ПРОМЕНА НА ЦЕНАТА НА Еуродизел БС

30% од договорената цена за секоја линија соодветно ќе се коригира на крајот на секој месец, а коригираната цена ќе важи за следниот месец, доколку просечната малопродажна цена на Еуро дизел БС во претходниот месец во однос на соодветната просечната малопродажна цена во Јули 2022 година ( = 84,57 мкд/лит без ДДВ) надминува ± 10%. Во спротивно т.е. доколку промената на цената на горивото е помала од ± 10%, ќе важи претходно договорената цена.
Останатите 70% од договорената цена за секоја линија соодветно, нема да подлежи на било какво зголемување / намалување и од било која причина и ќе остане фиксна во текот на периодот на важност на договорот.

## 5. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

На крајот на секој календарски месец, превозникот ќе издаде фактура за извршената услуга за превоз во тековниот месец. Фактурирањето треба да биде со последниот датум од тековниот месец, а

фактурата треба да биде доставена во рок од четири (4) календарски дена. Износот од 5% ДДВ ќе биде посебно искажан во фактурата.

ОКТА се обврзува плаќањето на фактурата да го изврши на трансакциската сметка на превозникот во рок од четириесет (40) дена по прием на фактура за месецот за кој се вршела услугата.

## 6. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Превозникот се обврзува да обезбеди услуги за превоз со висок квалитет. Обврските на превозникот и возачите се дадени во **Прилог 1: Обврски на превозник и возачите**. Дополнително, за време на извршувањето на услугите за превоз, ОКТА има право да врши преглед и контрола на превозните средства со цел да се осигура дека сите услови од договорот се исполнети, како и да побара замена на одредени возачи доколку според оценката на ОКТА возачот се оцени како непримерен член на персоналот на превозникот.
Неквалитетно извршување на услугите на превоз ќе резултира во примена на казнени одредби. Следењето и мерењето на квалитетот на услугата ќе се врши според **Прилог 2: Систем за мерење на квалитет на услуги.**

## ДЕЛ 3 - ПРИЛОЗИ

Следните прилози претставуваат интегрален дел од Барањето понуда и ќе им бидат доставени на понудувачите по нивното изразување на интерес за учество на тендерот:

Спецификација заедно со прилози:

1. **Прилог 1:** Обврски на превозник и возачите
2. **Прилог 2:** Систем за мерење на квалитет на услуги
3. **Прилог 3:** Детална спецификација на линии
4. **Прилог 4:** Понуда на цена по линии
5. **Прилог 5:** Понудени возила за соодветни линии
6. **Прилог 6:** Административни мерки на ОКТА

МЕНАЏЕР НА НАБАВКА
Александар Димитриевски